Врз основа на Програмата за активностите на градот Скопје од областа на средното образование за 2023 година („Службен Гласник на Град Скопје“ бр.18/22), и член 3 од Правилникот за доделување на стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје со бр.08-9957/1 од 29.09.2023 година, Град Скопје го објавува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА СРЕДНОШКОЛЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ, УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

## I.ОПИС НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Почитување на различностите и унапредување на инклузивноста на образовниот процес имаат централно значаење за постигнување на квалитетно образование за сите ученици, вклучувајќи ги и оние со попреченост, како и за развивање на инклузивни, мирољубиви и праведни заедници. Оттука определбата на Градот Скопје е со финансиска и логистичка поддршка да поддржи разни иницијативи кои го гарантираат правото на детето за образование врз основа на еднакви можности.

Во таа насока е планирана реализација на проектот *„Стипендирање на ученици со попречености“* чија основна цел е подигање на квалитетот на образованието на оваа категорија на ученици. При тоа учениците со попречености од средните училишта на Град Скопје ќе бидат стипендирани врз основа на услови и критериуми утврдени со Правилник за доделување на стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје.

## II.УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Право на стипендија имаат кандидати кои учат во средните училишта на Град Скопје, а кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да се ученици средношколци со попречености;
- Да се државјани на Република Северна Македонија;
- Да се жители на Скопје;
- Да се редовни ученици во средно училиште на Град Скопје;
- Да се редовни ученици кои во текот на претходната учебна година имаат постигнато минимален успех од 3,00

- Да не се корисници на стипендија од друга институција, претпријатие или друга организација во учебната **2023/2024** година;

- Да немаат повторувано година во текот на своето образование, освен поради здравствени причини.

## III.ВИСИНА НА СТИПЕНДИЈА

Висината на стипендијата која Град Скопје ја доделува на средношколците со попреченост, ученици во средните училишта на Град Скопје изнесува **3.000** денари месечно(нето износ) во времетраење од **9** месеци, а се однесува на учебната **2023/2024** година.Обврската за пресметка и плаќање на данок на личен доход е на Град Скопје.

Финансиските средства ќе бидат исплатени на трансакциската сметка на родител/старател/друго овластено лице доставена од апликантот.

## IV.НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Јавниот повик се објавува на веб страната на Град Скопје (www.skopje.gov.mk), во печатени медиуми(и тоа во најмалку еден дневен весник на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот) и во електронски медиуми.

Јавниот повик ќе трае **14** календарски денови од денот на објавата.

## V.КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Критериум за доделување на стипендија е успехот во образованието.

**Скала на бодување на постигнатиот успех:**

| просечен успех | бодови |
|---|---|
| 4,51 - 5,00 | **100** бодови |
| 4,01 - 4,50 | **80** бодови |
| 3,51 - 4,00 | **70** бодови |
| 3,00 - 3,50 | **60** бодови |

Во изборот ќе влезат апликанти кои врз основа на критериумите ќе бидат оценети со најмалку **60** бодови, а најмногу **100** бодови.

Ќе бидат доделени стипендии за **25** ученици.

## VI.НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на следнава документација:

- Пријава за стипендирање на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје;
- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во психичкиот или физичкиот развој и специфичните потреби, издаден од надлежна установа, согласно Правилникот за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој донесен од Министерство за труд и социјална политика (Службен весник на Република Македонија бр.172/2016 и 41/2019);
- Копија од државјанство на апликантот;
- Копија од лична карта на родител/старател/друго овластено лице;
- Потврда за редовен ученик во учебната **2023/2024** година издадена од средното училиште;
- Копија од свидетелство за завршена претходна учебна година, при што учениците од прва година средно образование потребно е да го приложат сведителството од основно образование од 9-то одделение;
- Изјава потпишана од родител/старател/друго овластено лице со која се потврдува дека апликантот не е корисник на стипендија од друга институција, претпријатие или друга организација во учебната **2023/2024** година;
- Потврда од средното училиште дека апликантот нема повторувано учебна година во текот на своето образование, освен поради здравствени причини (што се докажува со соодветна медицинска документација);
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци.

**Пријавата за стипендирање средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје за учебната 2023/2024 година, Изјавата со која се потврдува дека апликантот не е корисник на стипендија од друга институција, претпријатие или друга организација во учебната 2023/2024 година, и Изјавата за согласност за обработка на лични податоци, се достапни во просториите на Град Скопје, Сектор за образование, Архивата на Град Скопје (барака 16) и на интернет страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk.**

Пријавите треба да се достават до Град Скопје, преку пошта на адреса: бул. „Илинден“ бр.82, 1000 Скопје, или во Архивата на Градот Скопје (барака 16), најдоцна **до 27.10.2023 година** до 19:00 часот на последниот ден од завршувањето на Јавниот повик, со назнака: **за “ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА СРЕДНОШКОЛЦИ**

**СО ПОПРЕЧЕНОСТИ, УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА“**.

Пријавите се доставуваат во затворен и запечатен коверт со назнака “ **До Комисија за спроведување на постапка за стипендирање на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје за учебната 2023/2024** “, без означување на апликантот кој ја поднесува пријавата.

Неуредните пријави што не се доставени на начин како што се бара во горенаведниот текст, односно содржат нецелосни податоци и некомплетна документација, како и тие што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да се разгледуваат.

## VII.НАЧИН НА ЕВАЛУАЦИЈА

За спроведување на овој Јавен повик, Градоначалникот на Град Скопје ќе формира Комисија за спроведување на постапката за доделување на стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје, за учебната **2023/2024** година, која ќе биде задолжена да изврши евалуација на пристигнатите барања согласно Правилникот за доделување на стипендии за средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје за учебната **2023/2024** година, кој е објавен на веб страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

## VIII.НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на **16.10.2023** година и трае до **29.10.2023** година.

Решението за избраните кандидати ќе биде јавно објавено на веб страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk

Дополнителни информации можат да се добијат на телефон **02 / 3297-319**.

**ГРАД СКОПЈЕ**